Врз основа на член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл. весник на РМ" број 51/05 и член 39 од Статутот на општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица" број 5/06) – пречистен текст, Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за организирање на јавна презентација по Нацрт урбанистичкиот план вон населено место Водоча- локалитет место викано „Попово лозе"

1.Се организира јавна презентација по Нацрт урбанистичкиот план вон населено место Водоча- локалитет место викано „Попово лозе" со граничен опфат:

- од запад – локален пат Вадоча-Вељуса
- од северо- запад северно-западна граница на К.П. 1272/2, К.П. 1285, К.П.1284, К.П. 1283 , се спушта по северо-источната страна на К.П. 1282, К.П.1281, и К.П. 1280.
- Од југ-исток југо-источната страна на К.П.1280, К.П.1279, К.П. 1278, К.П.1276, К.П. 1275, и К.П. 1273 се до локален пат Водоча-Вељуса.

2.Решението за организирање јавната презентација ќе биде објавено на огласната табла на Општина Струмица, Секторот за уранизам и комунални работи , ВЕБ страницата на Општина Струмица, "Службен гласник на општина Струмица"и средствата за јавно информирање

3.Јавната презентација ќе се одржи на ден 03.06.2009 година во 11,оо часот во просториите на Дом на АРМ Струмица.

4.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Сл. гласник на општина Струмица".

Број.08-2932/4
19.05.2009 год.
С т р у м и ц а

Градоначалник
на општина Струмица
Зоран Заев